**Потпишан меморандум за разбирање помеѓу Завод за социјални дејности-Скопје и Мировен корпус Македонија**

Директорот на Заводот за социјални дејности-Скопје, г-дин Стојан Станиславски и Директорот на Мировниот корпус Македонија, г-дин Марк Ханафин на 19.12.2018 година потпишаа Меморандум за разбирање, кој дава дава краток преглед на улогите, одговорностите и заедничките активности кои ги имаат обете страни.

Целта на овој меморандум е воспоставување на соработка и обезбедување на поддршка од страна на волонтерка од редовите на Мировниот Корпус Македонија, г-ѓа Katherine Guiney-Olsen во делот на унапредување на услугите за децата и лицата со попреченост, особено на дневните центри, во согласност со тековните процеси во системот на социјална заштита.

Приоритетните цели и активности кои произлегуваат од потпишивањето на меморандумот се однесуваат на развивање на различни форми на едукации на професионалците во дневните центри за лица со попреченост, унапредување на стручната документација со примена на различни техники за функционална проценка на корисницииите, изготвување на нова и современа програма за работа на дневните центри, стручна поддршка во процесот на реорганизација и трансформација на функциоирањето и организацијата на работа, како и координирање на активностите на останатите волонтери во дневните центри низ републиката.

Во рамките на средбата беа споделени позитивните практики, потреби и предизвици на двете институции како и детектирање на можностите за понатамошна соработка помеѓу истите.